20252564946

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за хидрометеоролошка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 53/11, 51/15 и 149/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 декември 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКАТА ДЕЈНОСТ ВО 2025 ГОДИНА

I

Во Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 28/25), делот I се менува и гласи:

„Средствата за реализација на оваа програма во 2025 година во износ од 127.042.000,00 денари, обезбедени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.254/24 и 151/25), раздел 14003- Управа за хидрометеоролошки работи (во натамошниот текст:УХМР), ќе се користат за следните намени:

„

| Ред. бр. | Назив на програмски активности | Износ на средства |
|---|---|---|
| 1. | Програмски активности од областа на администрација | 102.792.000,00 |
| 2. | Програмски активности од областа на хидрометеоролошки работи | 24.250.000,00 |
| | Вкупно: | 127.042.000,00 |

“.

II

Во делот II во воведната реченица износот „102.861.000,00” се заменува со износот „102.792.000,00”.

Во табелата во точката 1 износот „102.861.000,00” се заменува со износот „102.792.000,00”.

III

Во делот III во воведната реченица износот „7.300.000,00” се заменува со износот „24.250.000,00”.

Табелата се менува и гласи:

„

| Ред. бр. | Опис на активности | Износ на средства |
|---|---|---|
| 1. | Мерења на квантитативните карактеристики на водите, редовна обиколка на метеоролошките станици и радарските центри и спроведување на серии за хемиска и биолошка анализа на водите | 650.000,00 |
| 2. | Изготвување на:<br>-хидролошки извештаи и информации од мрежата на хидролошки станици за | 700.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | површински и подземни води,<br>-дневни, декадни, месечни, сезонски, годишни и повеќегодишни метеоролошки и климатолошки извештаи,<br>-редовни и вонредни временски прогнози,<br>-хемиски и биолошки анализи на површински води од мрежата за квалитет на води | |
| 3. | Одржување на мрежата на хидролошки и метеоролошки станици, функционирање на системот за радарски мониторинг на облачните системи и одржување на опрема за следење на квалитет на води | 8.645.000,00 |
| 4. | Хидролошки и метеоролошки мерења и набљудувања во мрежата на станици за површински и подземни води и мрежата на метеоролошки станици | 2.950.000,00 |
| 5. | Прием и обработка на податоци од меѓународна размена за изготвување на хидрометеоролошки извештаи | 1.800.000,00 |
| 6. | Осовременување на хидрометеоролошкиот мониторинг систем, радарскиот мониторинг и осовременување на теренски мерења за квалитетот на водите | 9.505.000,00 |

“.

IV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-11139/5
16 декември 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.